КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-190-7/1
27.03.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 48 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, Собранието на Банката, на седница одржана на 27.03.2024 година, донесе

# ОДЛУКА
## за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2023 година

### Член 1

Нераспределената добивка на Банката до 31.12.2023 година, се распределува на:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Дивиденда за обични акции | ден. | 2.073.950.970 |
| 2. Резерви | ден. | 1.377.482.383 |
| 3. Задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2024 година | ден. | 130.000.000 |
| **ВКУПНО:** | **ден.** | **3.581.433.353** |

### Член 2

Средствата за дивиденда за обични акции да се распределат во готово.

### Член 3

Добивката што се распределува во задржана добивка за инвестициски вложувања (реинвестирана добивка) служи за развојни цели на Банката, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста, а со тоа и за остварување на правото за намалување на даночната основа на данок на добивка. Добивката што се распределува во задржана добивка за инвестициски вложувања се вклучува во пресметката на редовен основен капитал на Банката и придонесува за негово зголемување, но истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ќе биде ограничена за распределба на акционерите).

### Член 4

Средствата за награда на Надзорниот одбор во износ од 5.130.000 денари, кои претставуваат трошок за Банката, да се распределат во готово.

Распределбата на средствата од став 1 на овој член на поединечните членови на Надзорниот одбор ја извршува Одборот за воспоставување и спроведување на Политиката за наградување.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**СО СОБРАНИЕТО**
**Михајло Михајловски**

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ 03